# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Излегува по потреба | бр. 5<br>11.05.2005 год.<br>Струмица | Примерокот е бесплатен |
|---|---|---|


Врз основа на членовите 84, 99 и 103 од Законот за локална самоуправа (“ Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и чл. 105 став 2 и чл. 124 од Статутот на општина Струмица ( “ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/05) донесувам

### О Д Л У К А
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Изборите на членовите на советите на урбаните заедници во град Струмица и месните заедници во населените места Баница, Банско, Вадоча, Вељуса, Габрово, Градско Балдовци, Дабиле, Добрејци, Костурино, Куклиш, Муртино, Попчево, Просениково, Рич. Сачево и Свидовица, ќе се одржат на Собири на граѓаните на ден 26.05.2005 година (четврток).

Член 2

Советите на урбаните, односно месните заедници ќе бројат од 5 до 11 члена, во зависност од бројот на жителите во урбаните, односно месните заедници и тоа:

- I- (Прва) урбана заедница “ Партизан”……………………………. 11 члена
- II ( втора) урбана заедница “ Благој Мучето”…………………..…… 11 члена
- III- ( трета) урбана заедница “ Боро Поцков...……………..…… 9 члена
- IV- ( четврта) урбана заедница “ Чифлик”…..…………………… 9 члена
- V - (петта) урбана заедница “ Карпош”...…………...……………… 9 члена
- VI - (шеста) урбана заедница “ Гоце Делчев”……..………………… 9 члена

- VII -( седма) урбана заедница “ Центар”...………….……………….. 9 члена
- VIII - (осма) урбана заедница “ Димитар Влахов”...……………… 11 члена
- Месна заедница Баница …………………………………………….. 7 члена
- Месна заедница Банско.…………………………………………….. 7 члена
- Месна заедница Вадоча …………………………………………….. 5 члена
- Месна заедница Вељуса …………………………………………….. 7 члена
- Месна заедница Габрово …………………………………………….. 5 члена
- Месна заедница Градско балдовци ………………………………. 5 члена
- Месна заедница Дабиле…………………………………………….. 7 члена
- Месна заедница Добрејци.………………………………………….. 7 члена
- Месна заедница Костурино..………………………………………… 7 члена
- Месна заедница Куклиш…………………………………………….. 9 члена
- Месна заедница Муртино…………………………………………….. 9 члена
- Месна заедница Попчево..………………………………………….. 5 члена
- Месна заедница Просениково……………………………………… 7 члена
- Месна заедница Рич…...…………………………………………….. 5 члена
- Месна заедница Сачево…………………………………………….. 5 члена
- Месна заедница Свидовица…………………………………………. 5 члена

Член 3

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членовите на советите на урбаните, односно месните заедници ќе се спроведе согласно со Статутот на општина Струмица.

Член 4

Повиците за Собир на граѓаните ќе бидат јавно истакнати, најмалку 5 дена пред одржувањето на изборите каде што ќе бидат наведени местото и часот на одржување на изборите од член 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-932/1<br>11.05.2005 год.<br>Струмица

Градоначалник на<br>општина Струмица<br>Зоран Заев с.р.

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Одлука за распишување на избори на членови во Советите на урбаните и месните заедници во Општина Струмица………………………………………………………. 134